ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 09-149/10**

**Дата: 03.08.2010**

ДО

ДРЖАВЕН СТУДЕНТСКИ ЦЕНТАР „СКОПЈЕ“ - СКОПЈЕ

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Државниот студентски центар „Скопје” – Скопје - сметка на буџетот од самофинансирачки активности, за 2009 година.

Ревизијата утврди дека е направен задоволителен напредок во имплементацијата на препораките од Конечниот извештај на ОДР за 2002 година со оглед на тоа што најголем број од препораките се имплементирани односно 56% се спроведени, 11% не се спроведени, а 33% не се применливи поради надлежност на други институции или промена на законските прописи.

Ревизијата не изрази мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи, додека за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива ревизијата изрази негативно мислење.

Утврдивме дека кај Државниот студентски центар „Скопје“ – Скопје не се почитуваат постапките согласно донесените акти при приемот и вселувањето на студентите во студентските домови и не функционираат органите за подобрување на квалитетот на условите за исхрана и сместување на студентите предвидени со Законот и Статутот. ДСЦ не го применува целосно утврдениот норматив за подготовка на јадења по единица производ и не обезбедува евиденција на произведените и продадени готови производи преку угостителските објекти, поради што не можевме да се увериме во точноста и целосноста на трошоците на производството и приходите од продадени производи и стоки.

Со цел подобрување на состојбата во ДСЦ ревизијата дава препораки во однос на почитување на критериумите на постојните акти за прием и сместување на студентите и да се обезбеди контрола и подобрување на квалитетот на студентскиот стандард, да се воведе евиденција за производството и готовите производи и издавањето на материјалите да се врши согласно утврдениот норматив на јадења.

ДСЦ, иако има покажано позитивен финансиски резултат по годишната сметка, всушност има загуба во работењето главно од неправилна ценовна политика на услугите за сместување и исхрана на студентите која е под нивото на реалната економска цена. Ваквата состојба доведува до континуиран недостиг на средства за намирување на обврските спрема добавувачите кои со состојба на 31.12.2009 година достигнуваат износ од 126.011 илјади денари. Согласно Законот за ученичкиот и студентскиот стандард, ДСЦ секоја година подготвува стварни цени на чинење на услугите кои се прифаќаат од УО и истите се доставаат до МОН во фазата на планирање на буџетот. Овие цени не се прифатени од МОН, ниту е донесен посебен акт за нивно утврдување.

## Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 18 до 20 заедно со ревизија на усогласеност на Државниот студентски центар „Скопје” - Скопје (во понатамошниот текст ДСЦ) - сметка на буџетот од самофинансирачки активности, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2009 година, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Извршена е ревизија за 2002 година и издадени се извештаи за финансиските извештаи на Државниот студентски центар „Скопје“ – Скопје. За годината која `и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија не е вршена ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Крешимир Павиќ, директор од 18.01.2008 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на ДСЦ се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност. Ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1 е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3 Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на

овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Поради прашањата изнесени погоре, ние не бевме во можност да добиеме достатен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 01.03.2010 до 20.05.2010 година кај Државниот студентски центар „Скопје” - Скопје од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од 2003 година – спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на ОДР за 2002 година. Според резултатите од оваа ревизија постигнат е задоволителен напредок во отстранување на утврдените слабости со имплементација на дадените препораки на овластениот државен ревизор.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 31.05.2010 година. Нацрт извештајот беше доставен до раководството на субјектот на ден 09.07.2010 година.

На ден 21.07.2010 година со писмо број 1214/3 од 20.07.2010 година примени се забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 09-149/5 од 09.07.2010 година.

Забелешките се разгледани и е оценето дека за истите не се доставени нови докази за измена на констатациите изнесени во Нацрт извештајот, поради што остануваат и во Конечниот извештај.

Текстот на забелешките и одговорот на ревизијата се дадени во прилог кон овој Конечен извештај.

## 4.1 Усогласеност со закони и прописи

4.1.1 Со одредбите од чл. 44 од Законот за ученичкиот и студентскиот стандард уредено е во студентските домови да се формира совет на станари составен од примените студенти во домот, а работата, бројот на членовите, начинот на избор и организацијата на советот на станари да се утврди со Статутот на домот. Советот на станари дава мислење и предлага мерки за подобрување на условите за живеење во домот.

Во Статутот на ДСЦ не е утврдено кој го врши изборот на членовите на советот на станари, а оваа надлежност се извршува за секој студентски дом

од страна на СПУКИМ, кој ги спроведува изборите, повикувајќи се на чл. 27 од својот Статут, а до ДСЦ доставува список на членови потпишан од претседателот. На ревизијата не `и беше доставен Статутот од Студентскиот парламент како доказ за спроведената постапка, а во составот на советот на станари нема избрани членови од редот на вработените на ДСЦ како што е предвидено во чл. 38 од Статутот на ДСЦ.

Советот на станари, согласно Статутот, треба да донесе правила за работа на кои согласност ќе даде Управниот одбор, и кои ќе важат и за советот за исхрана. Меѓутоа, вакви правила за работа не беа доставени поради што ревизијата не можеше да се увери во нивното постоење. Наведеното влијае на недонесување соодветни мерки за подобрување на условите за живеење во студентските домови во состав на ДСЦ.

**Препорака**

УО на ДСЦ да ја утврди работата, начинот на избор и организација на советот на станари во Статутот, а советот на станари во секој студентски дом, избран на начин кој ќе биде предвиден со акт, да донесе правила за работа на кои согласност ќе даде Управниот одбор.

4.1.2 Во ДСЦ, од 2006 година, нема формирано Совет за исхрана што не е во согласност со чл. 40 од Статутот. Со Статутот е предвидено членовите во советот за исхрана да ги именуваат советите на станари од сите домови и населби по еден член за време од 1 година и 3 членови од вработените во РЕ за производство и дистрибуција на храна и бифиња, кои ги именува стручниот колегиум за време од 2 години при што да се применуваат правилата за работа. Формирањето на ваков орган во ДСЦ е од посебна важност од аспект на превземање на мерки за подобрување на една од основните дејности на ДСЦ – обезбедување на доволна и квалитетна исхрана на студентите во домовите.

**Препорака**

Во наредниот период советите на станари и стручниот колегиум на ДСЦ да ги формира советите за исхрана согласно Статутот на ДСЦ и истите да ги извршуваат своите задачи согласно правилата за работа кои треба да се донесат.

4.1.3 УО на ДСЦ нема донесено план за прием на студенти за учебната 2008/09 и 2009/10 година што не е во согласност со чл. 39 ст. 1 ал. 6 од Законот за ученичкиот и студентскиот стандард. Со извршената контрола на бројот на студентите кои се примени во студентските домови врз основа на конкурс за учебната 2009/10 година се констатира дека постојат разлики помеѓу бројот на расположиви места – капацитет дадени во известувањето од ДСЦ до МОН,

бројот на расположиви места во објавениот конкурс за прием, како и бројот на студенти кои се сместени во студентските домови. Според известувањето пријавени се 3.077 легла, според конкурсот 2.868 легла, а според пополнети места во октомври 2009 бројот на студентите изнесува 3.158. Причина за утврдената разлика е непријавување на бројот на собите – боксовите (простории без санитарен чвор во кои има по еден сместен студент) во известувањата од ДСЦ до МОН кои ги има само во СД „Гоце Делчев„ и непријавените легла во бараките во СД „Стив Наумов„ поради тоа што не се планирало сместување во истите, како резултат на недовршена реконструкција на машката зграда 2 се пополниле и овие места. Исто така, во СД „Стив Наумов„ за учебната 2009/10 година во женската зграда 3 се ставени дополнително уште по еден кревет (од трокреветни во четирикреветни) поради недовршената реконструкција на машката зграда. Разлики се утврдени и при извршената споредба на податоците за учебната 2008/09 година и по вкупен број на студенти и по студентски домови. Поради наведеното постои можност од вселување на студенти кои не ги исполнуваат условите за прием во студентскиот дом со што се намалува и квалитетот на условите за живеење на студентите.

**Препорака**

УО секоја учебна година да донесува план за прием на студенти во студентските домови, а директорот на ДСЦ реално да го пријавува бројот на расположивите места – капацитет во известувањето до МОН.

4.1.4 Приемот и сместувањето на студентите во студентските домови на почетокот на годината во септември по конечната листа главно го врши комисија составена од СПУКИМ и Советот на станари, при што утврдени се големи разлики помеѓу бројот на студентите кои се евидентирани во станарските книги во однос на конечната ранг листа во студентските домови (пример СД КЈ Питу, учебна 2008/09 и 2009/10, СД НГ Дуња учебна 2008/09). На испразнетите места во текот на годината, како и пополнувањето на боксовите кои не се пријавуваат во конкурсот, вселувањето на студенти го врши претседателот на СПУКИМ, без основ, со доставување на ливчиња до управникот на домот, на кои има печат и негов потпис. Управникот на домот нема никаква улога во приемот на студентите и нивниот распоред односно ги прима документите, ги прегледува и внесува податоци во станарската книга. Ваквиот начин на вселување не е во согласност со чл. 18 и 23 од Правилникот за прием на студенти во државните студентски домови, во кој е наведено дека приемот и вселувањето се врши од комисија формирана од МОН, а испразнетите места се пополнуваат со студенти по редослед од конечната ранг листа. Доколку останат непополнети места истите се пополнуваат со студенти кои не ги исполнуваат условите со тоа што тие студенти ќе ја плаќаат полната цена на чинење. Ваквата состојба има за ефект вселување

на студенти од страна на едно лице кое нема надлежност да го врши истото при што постои субјективност во изборот.

**Препорака**

ДСЦ да го извести МОН дека приемот на студенти кои треба да се вселат од 01.09 не е во согласност со објавената конечна ранг листа и дека приемот се врши од страна на студенти назначени од СПУКИМ заради контрола на илегално сместени студенти.

Приемот на студенти на непополнетите места да се врши со известување од Комисијата за прием на студенти, при што пополнувањето да се врши по редослед од ранг-листата.

## 4.2 Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

4.2.1 Во деловните книги евидентирани се побарувања со состојба на 31.12.2009 година од повеќе правни лица во вкупен износ од 535 илјади денари, за кои не се склучени договори со кои ќе се регулираат правата и обврските помеѓу ДСЦ и субјектите, и тоа:

- За побарувањата во износ од 129 илјади денари од Полицискиот одбојкарски клуб за сместување на студенти од ФФК, не е добиена согласност ниту од МОН, ниту од комисијата за прием на студенти, што не е во согласност со чл. 18 од Правилникот за начинот и постапката за прием на студентите во државните студентски домови.
- Побарувањата во износ од 153 илјади денари од Студентска поликлиника за комунални услуги не се фактурирани врз основа на договор, што не е во согласност со чл. 18 од Законот за облигациони односи, а ценовникот по кои се фактурираат услугите од пералната од 1996 година не е усвоен од страна на УО, што не е во согласност со член 29 од Деловникот за работа и Статутот на ДСЦ.
- Побарувањата во износ од 132 илјади денари од ЈУ МЦСР - Скопје, за комунални услуги не се фактурирани врз основа на договор, што не е во согласност со чл. 18 од Законот за облигационите односи.
- Побарувањата од ПМФ во износ од 121 илјада денари за комунални услуги се фактурираат врз основа на договор во кој не е уредено дека субјектот ќе ги подмирува комуналните услуги што не е во согласност со чл. 18 од Законот за облигационите односи.

Согласно наведеното, ревизијата не доби компетентни и релевантни докази за да ја потврди реалноста и објективноста на евидентираните побарувања и остварениот приход во деловните книги, при што постои можност и од ненаплативост на побарувањата.

**Препораки:**

- ДСЦ да не врши прием на студенти без добиено одобрение од МОН или Комисијата за прием на студенти.
- Директорот да склучува договори во кои ќе бидат регулирани меѓусебните права и обврски со субјектите.
- УО да донесе нов ценовник за услугите од пералната согласно реалните трошоци.

4.2.2 Ревизијата утврди дека за дел од побарувањата од студенти кои се ненаплатени со 31.12.2009 година, а се однесуваат за учебната година 2006/07 и 2007/08 не се поднесени тужби (платен налог) од службата за општи и правни работи што не е во согласност со чл. 376 од Законот за буџетите. Причина за ваквата состојба се недоставени документи како доказен материјал за ненаплатените побарувања од страна на управниците на овие студентски домови. Овие побарувања треба да се зголемат и за долгот на исхрана по секој студент во зависност од бројот на месеци за кои не е платен долгот за сместување. Ненавременото поднесување на тужби за наплата по судски пат може да доведе до застарување на долгот согласно чл. 360 од Законот за облигационите односи, а ефектот е ненаплатен приход на јавната установа од вршењето на дејност од јавен интерес.

**Препорака**

Управниците на студентските домови редовно и навремено да подготвуваат и доставуваат доказен материјал, за побарувањата од студенти кои не се наплатени во законскиот рок, до службата за општи и правни работи преку претходна контрола во службата за материјално – финансиско работење.

4.2.3 Ревизијата не доби соодветни докази за да ја потврди реалноста и објективноста на издадените количини на материјали дадени во обработка во вредност од 30.461 илјади денари и количината на произведени и продадени готови производи, поради следното:

- во деловните книги не се спроведени соодветни книжења за процесот на производство и подготовка на храна во производните места, односно издавањето на материјалите дадени во обработка и доработка не се евидентираат преку производство и готови производи на соодветните сметки, што не е во согласност со чл. 40 и 41 од Правилникот за содржината на конта во контниот план за буџетските корисници и чл. 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.
- активностите кои се однесуваат на нормирањето и изготвувањето на требовања, процесот на задолжување со прехрамбени артикли и процесот на производство не се спроведуваат на начин опишан во процедурите за работни процеси, кое главно се базира на однапред изготвено дневно мени,

а задолжувањето на одговорните лица од објектите за исхрана со потребните артикли да се врши по изготвено дневно требовање од нормирецот до главниот магацин според нормативот. Ревизијата утврди неправилности при издавањето на материјали од магацин во производните места за производство на готови јадења, и тоа:

- за издаденото месо не се прават листи – требовања по количина на готови производи изразено преку норматив на јадења.
- требовањата за издавање на материјали кои се однесуваат за изработка на пирошки, панцероти и бурек се на поголема количина во однос на потребната според нормативот.
- за производство на готови производи тост и хот–дог, кои понатаму се продаваат во бифињата, не се изготвуваат требовања за прехрамбени артикли според норматив.

Поради непрменување на нормативот на јадења во кој се содржани состојките и количината потребни за подготовка на единица производ, ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на количините на издадени материјали за производство на готовите производи, а со тоа и во количината на произведени и продадени готови производи и остварениот приход преку угостителските објекти (мензи, ресторани, бифиња и продавници).

**Препорака**

Службата на материјално-финансиско работење да воведе сметководствена евиденција за производството на јадења и готовите производи, а издавањето на материјали да се врши согласно норматив како основа за потрошените суровини и материјали и утврдување на бројот на произведените готови производи.

**Биланс на приходи и расходи**

4.2.4 За остварениот приход од продадени документи (обрасци) на студентите при вселување во износ од 664 илјади денари, УО нема донесено акт за поединечната цена од 200,00 денари која ја плаќаат студентите што не е во согласност со чл. 29 од Деловникот поради што постои можност од субјективна проценка на цената на документите. При раздолжување на управниците на студентските домови со паричните средства, на спецификацијата на дневен пазар не се наведува количината на продадени документи туку само парите во апоени, поради што ревизијата нема увид во вкупно продадените документи. Напред наведеното не е во согласност со чл. 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и чл. 37в од Законот за буџетите што има влијание на точноста и комплетноста на остварениот приход.

**Препорака**

УО да донесе акт со кој ќе ја утврди цената што треба да ја плаќаат студентите при купување на обрасците за вселување, а при раздолжувањето со спецификацијата која ја поднесуваат управниците да се наведува вкупниот број на продадени документи.

4.2.5 За остварениот приход од 206 илјади денари по основ на дадени услуги од рецепција за престој на домашни и странски студенти во летниот период во објектите на ДСЦ, донесена е одлука за утврдување на цените на услугите за сместување и исхрана од директорот, која не е усвоена од УО спротивно на чл. 24 од Статутот и чл 29 од Деловникот за работа, поради што постои можност од субјективна проценка на цената на услугите.

**Препорака**

УО да донесе акт со кој ќе ги утврди цените на услугите од рецепција за престој на домашни и странски студенти во летниот период во објектите на ДСЦ.

4.2.6 При вселување на студентите во студентските домови, согласно чл. 3 од Правилникот за утврдување на куќен ред за престој на студентите во ДСЦ од 2000 година, студентите пополнуваат формулари за сместување, уплата за станарина за првиот месец и одреден износ за културно-забавен живот. Средствата од културно забавен живот (КЗЖ) се уплатуваат на уплатница на сметка на буџетот од самофинансирачки активности – 788. Износот кој го плаќаат студентите е 250,00 денари за што не постои акт со кој е одреден овој износ. Со средствата располага Советот на станари иако нема законски основ ниту во Законот, ниту со Статутот на Центарот. Трошењето на средствата се врши врз основа на донесени одлуки од советот на станари и доставени фактури за одделни набавки до директорот на ДСЦ, кој потпишува налог за исплата. Најчесто се вршат набавки на алкохолни напитоци, клима уреди, поправка и набавка на ситен инвентар за потребите на диското, како и надоместоци на технички лица кои се различни од дом во дом. Во 2009 година на ваков начин се потрошени 901 илјади денари.

За набавките на опрема и ситен инвентар не се врши контрола и не се води сметководствена евиденција, а трошењето на средствата се врши без никаков план или програма, како и правилник за утврдување на надоместоци на членовите на советите, што не е во согласност со чл. 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и чл. 37в од Законот за буџетите. Како резултат на наведеното постои можност од ненаменско трошење на овие средства.

**Препораки:**

- УО на ДСЦ да донесе акт со кој ќе ја утврди партиципацијата која согласно Правилникот за куќен ред ја плаќаат студентите за КЗЖ.
- Да се утврди годишна програма на предлог на советот на станари усвоена од УО, согласно времетраењето на една учебна година за начинот и намената на трошењето на средствата од КЗЖ во која програма ќе имаат увид сите студенти.
- Да се врши контрола од страна на ДСЦ дали средствата се користат согласно утврдената програма и да се воведе сметководствена евиденција на приходот и потрошокот на средствата.

## 4.3 Користење на средства согласно законските прописи

### Исплата на надоместоци

4.3.1 Во 2009 година исплатени се средства за надоместоци во вкупен износ од 1.135 илјади денари по основ на дополнително ангажирање на вработените и членовите на УО во ДСЦ, врз основа на одлуки донесени од УО, за кои не постои законски основ, ниту постои интерен акт со кој се регулирани овој вид надоместоци. На членовите на УО им се исплатуваат и надоместоци согласно Деловникот за работа на УО, што укажува на двојна исплата по ист основ. а исплатата на вработените не е во согласност со член 37в од Законот за буџетите и член 2 од Законот за извршување на буџетот за 2009 година, според кој буџетските корисници и единките корисници имаат обврска утврдените средства во буџетот да ги користат наменски, рационално, економично и ефикасно. Ваквиот начин на исплата на надоместоците има за ефект незаконско и ненаменско користење на средства.

**Препорака**

УО да донесе акт со кој би се утврдил начинот на исплата на вработените во случај на дополнително ангажирање на работното место, согласно законската регулатива.

4.3.2 Во 2009 година исплатени се надоместоци на членовите на комисиите за јавни набавки во вкупен износ од 115 илјади денари, кои не се предвидени со член 28 од Законот за јавни набавки. Ваквиот начин на исплата не е во согласност со член 37в од Законот за буџетите и член 2 од Законот за извршување на буџетот за 2009 година и има за ефект незаконски, ненаменски и нерационално исплатени средства.

**Препорака**

Во наредниот период да не се врши исплата на надоместоци на комисии без законски основ.

**Јавни набавки**

4.3.3 При спроведувањето на јавна набавка од отворен повик за осигурителни услуги утврдени се следните неправилности:

- при евалуацијата на понудувачите не се земени во предвид поткритериумите наведени во тендерската документација, односно извршен е избор само врз основа на вкупниот збир на критериумите;
- склучен е договор за годишно осигурување од 1.04.2009 година со важност од 12.01.2009 година односно покрива период пред склучувањето на договорот.
- моделот на договор кој е потпишан и прифатен од избраниот понудувач не одговара на предметот на јавната набавка, односно е проширен и на други видови предмети на осигурување.

**Препораки:**

- Комисијата за јавни набавки при ДСЦ да ја вршат евалуацијата согласно тендерската документација според видот и потребата од јавната набавка.
- Договорите кои се склучуваат со избраниот понудувач да бидат изработени за периодот во кој реално може да се изврши набавката на стоки и услуги.
- Моделот на договор кој понудувачот треба задолжително да го потпише да одговара на предметот на набавката.

4.3.4 При спроведувањето на набавка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас за набавка на канцелариски материјал утврдено е дека набавката се врши без претходно планирање и изработка на спецификација која ќе биде во согласност со реалните потреби, а при реализација на договорот на износ од 648 илјади денари со ддв, секогаш се испорачуваат материјали кои не се договорени и не одговараат на спецификацијата. Со постапката за набавка не се планирани трошоците за печатење поради што избраниот понудувач ги фактурира без претходно договорена цена за истите и без доставен документ за висината на овие трошоци, при што постои можност од нереално зголемување на обврските на ДСЦ и ненаменско трошење на средства.

**Препорака**

ДСЦ да врши планирање на реалните потреби за набавка на видови канцелариски материјали.

4.3.5 При спроведувањето на набавка со барање за прибирање понуди без објавување на оглас за набавка на алат за мајстори (ситен инвентар и основни средства) утврдени се следните неправилности:

- во понудите не се содржани сите потребни елементи наведени во барањето за прибирање на понуди доставени до економските оператори. Кај понудата од фирмата која е избрана за најповолен понудувач, не се содржани: рок и начин на плаќање, рок на испорака, квалитет и гаранција, односно има само цена без ддв.
- изборот е извршен само според цената, а останатите елементи – критериуми не се земени во предвид и не се разгледувани од страна на комисијата за јавни набавки при изборот на најповолен понудувач.
- склучениот договор на износ од 335 илјади денари со ддв не содржи рок на испорака и важност на договорот.
- со извршената споредба на количините и цените по видови на артикли во фактурите во однос на договорените се констатирани разлики, односно испорачани се артикли кои во не се предвидени во понудата и договорот што има за резултат ненаменско трошење на средства.
- Утврдени се случаи на разлики и кај други избрани понудувачи при реализацијата на договорите во однос на фактурирањето. Лицето задолжено за реализација на договорите не извршило целосна контрола на набавките според договорите, по вид, количина и цена. Причина за ваквата состојба е непостапување на ДСЦ согласно одредбите од договорот во кои при сукцесивната испорака на производите задолжително треба да се доставуваат барања за потребната количина и вид на производ до добавувачот, пред да се изврши испораката.

**Препораки:**

- Комисијата за јавни набавки при ДСЦ да врши евалуација и избор на најповолен понудувач врз основа на сите критериуми кои се задолжителни во барањето.
- Договорите кои се склучуваат со избраниот понудувач да ги содржат сите потребни елементи на договорот согласно законската регулатива.
- Лицето задолжено за реализација на договорите да врши целосна контрола на набавките согласно договорите, по вид, количина и цена на производи.

## 5. Ревизорско мислење

### Вкупни ефекти од наодите

Врз основа на изнесените наоди во точките 4.2.1. до 4.2.6. кои се однесуваат на евидентирани побарувања без склучени договори, непреземени мерки за наплата на достасани побарувања од студенти, необезбедена евиденција за

производство на храна и готови производи и недонесени ценовници за давање други услуги, согласно барањата на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, ревизијата не изразува уверување за реалноста и објективноста на искажаните билансни позиции во Билансот на состојба на ден 31.12.2009 година и Билансот на приходи и расходи за 2009 година.

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.1.1. до 4.1.4, 4.2.1 до 4.2.6, 4.3.3. до 4.3.5 од овој извештај и точките 4.1.1, 4.2.1, 4.2.2, 4.3.5 од Конечниот извештај за сметката на основен буџет, ние не бевме во можност да добиеме достатни, соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно на тоа, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Државниот студентски центар „Скопје” – Скопје - сметка на буџет од самофинансирачки активности, на ден 31 декември 2009 година.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.3.1, 4.3.2, 4.3.4 и 4.3.5 од овој извештај и точките 4.3.4, 4.4.1 и 4.4.4 од Конечниот извештај за сметката на основен буџет, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Државниот студентски центар „Скопје” – Скопје - сметка на буџет од самофинансирачки активности, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени практики.

**Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет**

Обрнуваме внимание на точката 4.3.2. Краткорочни обврски спрема добавувачите во износ од 126.011 илјади денари на позицијата од Билансот на состојба со цел нагласување одредени прашања кои имаат влијание на работењето на ДСЦ.

Директорот на ДСЦ, согласно чл.32 од Статутот, има доставено финансиски извештај за работењето на јавната установа по годишната сметка за деловната 2009 година, кој е разгледан и усвоен од УО на ДСЦ. Во овој извештај дадена е анализа на работењето при што посебно се нагласени одредени состојби како резултат на објективните влијанија, а истите се значајни за натамошното работење на субјектот, и тоа:

- Партиципацијата за учебната 2008/09 година и 2009/10 година што ја плаќа МОН како заедничка цена за сместување и исхрана изнесува 3.410,00 денари по студент месечно, независно во кој дом е сместен студентот.

Истата не е зголемена иако во 2009 година има значително покачување на трошоците, посебно кај комуналните услуги (електрична енергија и парно греење).

- Цената од 3.410,00 денари е определена врз основа на можностите за финансирање од Буџетот на РМ, а не врз основа на реалните трошоци содржани во предлог економските цени од УО на ДСЦ, кои се повисоки од применуваните – договорени цени.
- Средствата што се добиени како партиципација од МОН не се разграничени по позиции и видови на трошоци, туку се добиваат на ставка 464230 – Трансфери кон невладини институции, при што ДСЦ самостојно ги распоредува по достасаните обврски.
- Остварениот приход од партиципација во 2009 година е помал во однос на 2008 година за 24% поради недобиени две месечни партиципации (за ноември и декември 2009 година).
- Од 1.09.2005 година студентите плаќаат заедничка цена за сместување и исхрана која не е зголемена повеќе од десет години.
- ДСЦ, иако има покажано позитивен финансиски резултат од 643 илјади денари по годишната сметка за 2009 година всушност има загуба во работењето главно од неправилна ценовна политика на услугите за сместување и исхрана на студентите која е под нивото на реалната економска цена. Ваквата состојба доведува до континуиран недостиг на средства за намирување на обврските спрема добавувачите кои со состојба на 31.12.2009 година достигнуваат износ од 126.011 илјади денари. Согласно Законот за ученичкиот и студентскиот стандард, ДСЦ секоја година подготвува стварни цени на чинење на услугите кои се прифаќаат од УО и истите се доставаат до МОН во фазата на планирање на буџетот. Овие цени не се прифатени од МОН, ниту е донесен посебен акт за нивно утврдување.

Скопје, 29.07.2010 година

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година**

| | | |
|---|---|---|
| | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **2009** | **2008** |
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 115,920 | 122,878 |
| **Вкупно приходи** | **115,920** | **122,878** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 21,958 | 18,149 |
| Стоки и услуги | 92,174 | 101,867 |
| **Вкупно тековни расходи** | **114,132** | **120,016** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 952 | 195 |
| **Вкупно капитални расходи** | **952** | **195** |
| **Вкупно расходи** | **115,084** | **120,211** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **836** | **2,667** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | 193 | 227 |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **643** | **2,440** |
| **Рапоредување на вишокот на приходи - добивката** | | |
| Дел од нето вишокот на приходи за пренос во наредна година | 643 | 2,440 |
| Обврски за данок на добивка | 193 | 227 |
| **Вкупно распоред на вишок на приходи** | **836** | **2,667** |

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2009 | 2008 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 1,396 | 3,252 |
| Хартии од вредност | 6,939 | 8,328 |
| Побарувања | 6,871 | 3,983 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 195 | 195 |
| Побарувања од вработените | 118 | 92 |
| Побарувања од државата и други институции | 921 | 1,497 |
| Активни временски разграничувања | 126,010 | 77,549 |
| Залихи | 5,136 | 5,524 |
| **Вкупно тековни средства** | **147,586** | **100,420** |
| **Постојани средства** | | |
| Нематеријални средства | 877 | 690 |
| Материјални средства | 7,917 | 7,063 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 4 | 4 |
| **Вкупно постојани средства** | **8,798** | **7,757** |
| **Вкупна актива** | **156,384** | **108,177** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски по основ на хартии од вредност | 122 | 89 |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 126,011 | 77,550 |
| Краткорочни финансиски обврски | 7,690 | 9,110 |
| Обврски спрема државата и други институции | 740 | 1,321 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 181 | 176 |
| Пасивни временски разграничувања | 8,558 | 7,673 |
| **Вкупно тековни обврски** | **143,302** | **95,919** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 13,078 | 12,254 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **13,078** | **12,254** |
| **Извори на други средства** | **4** | **4** |
| **Вкупна пасива** | **156,384** | **108,177** |

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2009 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Состојба 01.01.2009 година** | **7.753** | **4.501** | **12.254** |
| | | | |
| **Зголемување по основ на:** | **1.586** | **117.257** | **118.843** |
| Набавки | 1.315 | 117.230 | **118.545** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | - | - |
| Вишок по попис | 26 | 27 | 53 |
| Ревалоризација на капитални | 245 | - | 245 |
| | | | |
| **Намалување по основ на:** | **545** | **117.474** | **118.019** |
| Отпис на капитални средства | | | - |
| Издадени материјали и ситен инвентар од залиха во употреба | - | 117.340 | **117.340** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | - | - | - |
| Амортизација | 522 | - | 522 |
| Расход | 23 | 134 | 157 |
| | | | |
| **Состојба 31.12.2009 година** | **8.794** | **4.284** | **13.078** |

21.07.2010

09-149/8

**ДРЖАВЕН СТУДЕНТСКИ ЦЕНТАР „СКОПЈЕ“ – Скопје**

„МИТРОПОЛИТ ТЕОДОСИЈ ГОЛОГАНОВ„ 26 Б
телефони:
ДИРЕКТОР: 3226 261
КОМЕРЦИЈА: 3225 373
ИСХРАНА: 3220 996
СМЕТКОВОДСТВО: 3117 654
ФАКС: 3113 008
ЦЕНТРАЛА: 3228 844

Бр.1214/3
20.07.2010 год.

До
Државен Завод за Ревизија
Ул.Македонија бр.12/3
1.000 Скопје

**Предмет: Забелешки кон нацрт извештајот бр.09-149/4 и 09-149/5**

Во врска со добиениот нацрт извештај бр.09-149/4 од 07/07/2010 год. ги оспоруваме следните точки:

Точката 4.2.2 и к онстатацијата на Државната ревизија ,дека донесеното решение од директорот на Државниот Студентски Центар,Скопје„ Скопје за назначување на пом. директорот е без правен основ и спортивно на член 32 од Сатутот и член 30 од ЗРО и членовите од 46-49 од Законот за учничкиот и студентскиот стандард,според кој нема предвидено работно место пом. директор, ја оспоруваме поради сленото:

Директорот на ДСЦ во рамките на своите надлежности согласно чл. 32 од Статутот алија 6 која гласи „одлучува за распоредување и престанок на работниот однос на работниците „ а во согласност со членот 30 од ЗРО извршил распоредување на управникот на студентската населба Невена Георгиева Дуња на работно место пом. директор.

Работното место пом.директор е предвидено во Правилникот за систематизација на работите и работните задачи на работниците во Студентскиот Центар Скопје и истото е раководно место но не е реизборно и не може да се применат одредбите од чл 46-49 од Законот за ученичкиот и студентскиот стандард бидејќи тие се однесуваат за директор на студентските домови а не и за пом.директорот.

Во врска со препораката по ова точка за укинување на решението за пом.директорот сакаме да напоменеме дека ова е веќе рализирно, имено од 01.06.2010 година на пом.директорот му

**ДРЖАВЕН СТУДЕНТСКИ ЦЕНТАР „СКОПЈЕ" – Скопје**

престана работниот однос поради остварување на правото на старосна пензија.

**Прилог:** ***Копие од решение за престанок на работен однос.***

Во врска со точка 4.3.3.),каде државниот ревизор заклучил дека се констатирани пречекорувања на договорената и планира количина на одреден вид на стоки со реализираната,појаснуваме дека тоа е сторено,заради објективни причини,бидејќи МОН како ресорно министерство не ни даде навремено одобрение обезбедени финансиски средства(согласно чл.26 од ЗЈН),па за да не се доведеме во ситуација да го прекинеме процесот на производство на храна бевме приморани да во мал процент ги надминеме предвидените количини со склучените договори.

Точката 4.3.4. во врска со зголемувањето на платата по основ на општествена исхрана во износ од 825,00 денари, ја оспоруваме бидејќи од СОНК на РМ ја добивме Спогодбата бр.0301-67/1 од 03.12.2008 година која во точките 1 и 2 е опфатено и правото за исплата на овој надоместок и за нас како образовна институција,кое е видно од потписниците на Спогодбата.

**Прилог:** ***Копие од Спогодбата***

Во врска со добиениот нацрт извештај бр.09-149/5 од 07/07/2010 год. ги оспоруваме следните точки:

Точка 4.2.3: - ги оспоруваме констатациите од точка 4.2.3 од наведениот нацрт , бидејки не ја прикажуваат реалната состојба во областа на книжењата за процесот на издавањето и производството на готовите јадења. Центарот има воведено огромна аналитичка евиденција, како материјална така и финансиска со посебно аналитичко издвојување по погони како на материјалите така ин а готовите производи.

Напоменуваме и тоа дека имаме посебно вработено лице - нормирец, кој има основна задача да прави требовања исклучиво по нормативот, истите да ги доставува до магацинот при што магацинот издава артикли за производството исклучиво по нормативот.

Целата постапка тече вака:

- со набвената роба за магацинот по добивањето на фактурата на која се врши проверка дали одговара по договорот

**ДРЖАВЕН СТУДЕНТСКИ ЦЕНТАР „СКОПЈЕ“ – Скопје**

од тендерот, се задолжува магационерот за прехрамбени артикли (истиот изготвува приемница со количини и вредности кои одговарааат на фактурата) и се книжи 310/901,198/220.

- нормирецот секој ден добива барање од погонот за производство за количините и видовите на јадења кои треба да се произведат за наредниот ден, а тој врз база на нормативот прави збирно требовање во кое се прикажуваат артиклите кои треба да ги издаде магационерот за соодветниот ден.
- магационерот ја издава наведената роба а доколку нема соодветна роба , не се произведува бараното јадење, ова се прави секојдневно .
- на крајот на месецот се прават збирни извлеченија по погони и по вид на производство(менза, бифиња,слаткара, бурекџилница и т.н.) , збирни издатници и се спроведува книжење 901/310
- издадената роба се книжи како производство во исто време со ставот 316/634 со набавната вредност и бидејки водиме буџетско книговодство веднаш затвараме 634/316 исто за набавната вредност.
- со произведените готови јадења се задолжува главната кујна со книжење 663/293 со продажната вредност и по испраќањето на јадењата во погоните се одобрува главната кујна со продажната вредност со обратно книжење 293/663 а се задолжуваат поделните објекти аналитички со продажната вредност при што се издвојува данокот на додадена вредност(663/293-(бифиња, мензи шалтер готовина) и 198/250 за ДДВ.
- по извршената реализација секој објект внесува во благајната студентски бонови и се раздолжува финансиски (293/663).
- во книговодствената евиденција имаме посебен програм од кој во секое време може да се извадат податоци за вкупно произведени артикли по видови , по временски период и по погони.
- истата постапка се прави и при издавањето на месо од месарницата( доказ еден пример од месец октомври 2009 год.

Со оглед на тоа да ревизијата ги има копирано сите материјали по горе наведените точки , не доставуваме повторно

**ДРЖАВЕН СТУДЕНТСКИ ЦЕНТАР**
**„СКОПЈЕ“ – Скопје**

копии од истите, но доколку е потребно уште еднаш ќе ви ги доставиме истите.

Заради горе изнесеното ве молиме да го преиспитате овој став од нацрт записникот и да го корегирате , посебно сумата од 30.461 илјади денари, бидејки ако се чита записникот од недоволно информирано лице ќе се добие впечаток дека воопшто не се води евиденција за овој дел од процесот во ДСЦ.

Во врска со 4.3. 3,каде ревизорот заклучил дека при евалуација на понудувачите не се земени во предвид подкритериумите за бодирање,сметаме дека истите се земени во предвид и се соствен дел од основните критериуми при евалуацијата на понудите.

**Директор**
Крешимир Павиќ

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:**

**Дата:**

**Одговор на забелешки**
**по Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**
**од Државниот студентски центар „Скопје“- Скопје**

На ден 21.07.2010 година под архивски број 09-149/8 добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршена ревизија на Овластениот државен ревизор од Државниот студентски центар „Скопје“- Скопје. Забелешките се разгледани од страна на ревизорскиот тим и по истите е констатирано следново:

## Сметка на буџет од самофинансирачки активности

1. Забелешката на наодот во **точката 4.2.3.** од Нацрт извештајот, која се однесува на необезбедување на соодветни докази за да се потврди реалноста и објективноста на издадените количини на материјали дадени во обработка во вредност од 30.461 илјади денари и количината на произведени и продадени готови производи, **не се прифаќа,** од причина што во забелешките е опишан начинот на книжење на залихите во деловните книги при издавање на материјалите и документацијата која се изготвува, што детално е проверено и ревидирано од страна на ревизијата. Образложението од субјектот не го менува наодот бидејќи, во деловните книги не се спроведени соодветни книжења за процесот на производство и подготовка на храна во производните места, односно издавањето на материјалите дадени во обработка и доработка не се евидентираат преку производство и готови производи на соодветните сметки, предвидени со законските прописи. Активностите кои се однесуваат на нормирањето и изготвувањето на требовања, процесот на задолжување со прехрамбени артикли и процесот на производство, не се спроведуваат на начин опишан во процедурите за работни процеси, поради што ревизијата утврди конкретни случаи на непрменување на нормативот при издавањето на материјали од магацин во производните места за производство на готови јадења.

2. Забелешката на наодот во **точката 4.3.3.** од Нацрт извештајот, која се однесува на неправилно спроведена евалуација на понудувачите при спроведувањето на постапката за осигурителни услуги бидејќи не се земени во предвид поткритериумите наведени во тендерската документација, односно извршен е избор само врз основа на вкупниот збир на критериумите, **не се прифаќа**, поради недоставени нови докази за промена на наодот односно не се приложени документи од кои би се утврдило вклучувањето на поткритериумите во евалуацијата на понудите.

Скопје, 29.07.2010 година



*Овластен државен ревизор*

______________________________